Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.42-3489/1
31.3.2015 година
Скопје

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог - закон за изменување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 31.3.2015 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Никола Груевски

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Проверил: Љубица Р.Димовска
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласеи: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Никола Тодоров, министер за здравство и

м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство,

ПОВЕРЕНИЦИ: Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и

Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за изменување на Законот за здравствената заштита,
по скратена постапка

Скопје, март 2015 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со овој закон се врши изменување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14 и 10/15) со цел усогласување со Законот за изменување на Законот за административни службеници, поднесен од група пратеници.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со решенијата содржани во Предлог - законот ќе се изврши изменување на одделни решенија во Законот.

Предлог - законот се заснова на истите начела на кои се заснова и Законот за здравствената заштита.

Во Законот се содржани основни решенија со кои на вработените во јавните здравствени установи кои вршат работи од здравствената дејност и имаат статус на даватели на јавни услуги во здравството ќе се продолжи рокот за исполнување на посебните услови кои се однесуваат на познавање на странски јазик и работа со компјутерски програми кои треба да се достават во рок од една година од денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог - законот за изменување на Законот за здравствената заштита не предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог - законот за изменување на Законот за здравствената заштита не предизвикува фискални импликации по одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен Закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 91/08 и 119/10), се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

Предлог – закон
за изменување на Законот за здравствената заштита

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14) во член 12во ставот 1 зборовите „во рок од две години од денот на започнувањето на примената на овој закон“ се заменуваат со зборовите „на кое бил распореден на денот на започнување со примена на овој закон, во рок од една година од денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Со член 1 се врши изменување на членот 12 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14) во насока на продолжување на рокот за исполнување на посебните услови кои се однесуваат на познавање на странски јазик и работа со компјутерски програми кои треба да се доставаат во рок од една година од денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се постигне воедначеност на решенијата предвидени во Законот за здравствената заштита и Законот за административните службеници.

Текст на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14) што се изменуваат

Член 12

Вработен кој засновал работен однос во јавна здравствена установа со денот на започнување на примената на овој закон, треба до работоводниот орган на јавната здравствена установа да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, соодветни на категоријата и нивото на неговото работно место, во рок од две години од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Вработениот од ставот (1) на овој член кој нема да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење согласно со ставот (1) на овој член со решение на работоводниот орган на јавната здравствена установа, ќе биде распореден на работно место за едно ниво пониско од работното место на кое бил во моментот на влегувањето во сила на овој закон, освен вработените кои на денот на започнувањето на примената на овој закон биле распоредени на работно место од влезно ниво на кои ќе им биде намалена платата во износ од 10%.

Вработениот од ставот (1) на овој закон на кој согласно со ставот (2) на овој член платата му била намалена во износ од 10% може во секој момент да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење до раководното лице на институцијата по што работоводниот орган на јавната здравствена установа носи решение со кое решението за намалувањето на платата престанува да важи.

Ставовите (1) и (2) на овој член не важат за вработените кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Државниот управен инспекторат, во рок од три месеци по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, ќе изврши надзор над спроведувањето на ставовите (1) и (2) на овој член во сите јавни здравствени установи.